HALKINSURANCE

ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје
ул. Мајка Тереза бр. 1, влез 2, Скопје
Тел. +389 (0) 2 3122 385, 02 155 66
www.halkinsurance.com.mk

**ДО**
**Македонска берза АД Скопје**
ул.Орце Николов бр.75
Скопје

Друштво за осигурување
ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД
Бр. 0302-0378
21.10.2021 год.
СКОПЈЕ

**ОД**
**Друштво за осигурување**
**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**
ул.Мајка Тереза бр.1/2-приземје
Скопје

**Предмет**: Известување на јавноста согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност (*„Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2005 и сите последователни измени и дополнувања*)

Почитувани,

Согласно обврската за објавување на податоците од член 166-б став 1 алинеја 5 од Законот за хартии од вредност (*„Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2005 и сите последователни измени и дополнувања*), навремено, не подоцна од 10 (десет) календарски дена од денот на реализација, односно од денот на упис на новата емисија на хартии од вредност, Ве известуваме дека на ден 20.10.2021 година е реализирана VII (седма) емисија на хартии од вредност, на Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје.

Во контекст на горенаведеното, истакнуваме дека со 100% реализација на VII (седма) емисија на хартии од вредност, 300.000 обични акции, со вкупна вредност на емисијата од 3.000.000,00 евра, односно 184.953.000,00 денари, **апсолутната вредност на основната главнина по реализација на емисијата на хартии од вредност е во висина од 15.500.000,00 евра, со состојба на основна главнина по реализација, по родови акции, 1.550.000 обични акции**.
Имено, покрај останатото, така и со оваа реализација на опишаната VII (седма) емисија на хартии од вредност, на Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, односно со зголемување на капиталот, уште еднаш потврдува и говори дека ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје успешно чекори кон целта да биде една од најголемите и најуспешните осигурителни компании на пазарот.

За било какви дополнителни информации, во врска со горенаведеното барање за објава, Ви стоиме на располагање.

Со почит.

Скопје, 21.10.2021 година

**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

Главен извршен директор
Суат Инан

Извршен директор
Славчо Таушанов